РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1015-21671/1
19-02-2025 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Арх. Број: 31-824/6
Датум: 14.02.2025 година

# ДОГОВОР
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ШАЛТЕР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

склучен во Скопје на ___ 20______ година помеѓу:

1. **АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**, со седиште во Скопје на ул. „Трифун Хаџи Јанев" бр. 4, застапувана од директорот Иван Живковски (во понатамошниот текст: Давател на услугите) од една страна, и

**2. МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ**, со седиште во Скопје на ул. Илинден бр.2, застапувано од Министер Сања Божиновска (во понатамошниот текст: Корисник на услугите) од друга страна.

Член 1

Предмет на овој договор е уредување на начинот и постапката за пристап на Корисникот на услугите до електронскиот шалтер (во понатамошниот текст: е-кат шалтер) на Давателот на услугите, за доставување на пријавите за промена во геодетско-катастарскиот информациски систем (во понатамошниот текст „ГКИС"), барањата за издавање податоци од ГКИС, како и уредување на правата и обврските на договорните страни.

Договорот се склучува согласно со Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги и членовите 30, 31 и 141 в од Законот за катастар на недвижности.

Член 2

Доставувањето на пријавите за промена во ГКИС, односно барањата за издавање податоци од ГКИС од член 1 на овој договор (во понатамошниот текст: пријави/барања), му е овозможена на Корисникот на услугите преку директен пристап до апликацијата е-кат шалтер, со користење на VPN мрежа.

Пријавите/барањата и прилозите, потврдата за прием, потврдата за запишување, односно одбивање на пријавата, како и издавањето податоци од ГКИС се доставуваат, односно се примаат во електронска форма потпишани со валиден дигитален сертификат издаден од овластен издавач (во понатамошниот текст: дигитален потпис).

Член 3

Преку апликацијата е-кат шалтер на Корисникот на услугите му се овозможуваат следните услуги:

- поднесување пријави за запишување во катастарот на недвижностите за исправи што ги донесуваат во постапките што ги водат согласно со закон;
- поднесување барање за добивање податоци во електронска форма; и
- поднесување барање за пристап до податоците од ГКИС, со цел нивно користење.

Член 4

Корисникот на услугите со пријавите/барањата потпишани со дигитален потпис врши доставување во електронска форма согласно со Законот за катастар на недвижности.

Корисникот на услугите со дигитален потпис ја потврдува веродостојноста на податоците содржани во пријавата/барањето и во прилозите (исправи, односно акти).

Сите пријави/барања поднесени преку е-кат шалтер од страна на Корисникот на услугите се сметаат за неотповикливи.

Давателот на услугите, по приемот на пријавите/барањата, преку апликацијата е-кат шалтер ги заведува во електронски деловодник и се обврзува да постапи во пропишаните рокови.

Потврдата за прием на пријавата/барањето, потврдата за запишување односно одбивање, како и податоците од ГКИС, се доставуваат во електронска форма потпишани со дигитален потпис до Корисникот на услугите преку апликацијата е-кат шалтер.

Податоците од ГКИС, предмет на барањето од член 3 на овој договор, Давателот на услугите ги доставува до Корисникот на услугите во електронска форма потпишана од АКН со валиден сертификат издаден од овластен издавач.

Корисникот на услугите овластува лица кои ги печатат податоците од ГКИС во писмена форма и ги заверуваат со сопствен потпис и печат. Овој податок претставува јавна исправа само во постапките кои Корисникот на услугите ги води по службена должност согласно со закон и истиот не може да се умножува во повеќе примероци и да се дистрибуира спротивно на законот.

Непостапувањето по оваа обврска е основа за еднострано раскинување на овој договор и поведување постапка пред надлежен суд за надоместок на причинета штета.

Со цел да се овозможи услугата, Давателот на услугите се обврзува да ги обезбеди потребните упатства за користење на апликацијата е-кат шалтер за потребите на Корисникот на услугите преку објавување на својата веб-страница или да ги достави на соодветен медиум, а Корисникот на услугите е должен истите да ги примени.

Член 5

За поднесените пријави/барања преку апликацијата е-кат шалтер за потребите на Корисникот на услугите, односно во постапките кои ги води по службена должност, не се плаќа надоместок заради заштита на интересите на Република Северна Македонија.

За поднесените пријави преку е-кат шалтер, за потребите на трети лица (крајни корисници) се плаќа надоместок.

За поднесените пријави за запишување/промени за потребите на трети лица (крајни корисници), Корисникот на услугите кон пријавата доставува скенирана копија од доказот за платени трошоци за запишување во јавната книга од страна на трето лице. На уплатницата треба да биде наведен бројот на актот на Корисникот на услугите кој е основ за запишување/промена во јавната книга. Скенираната уплатница што служи како доказ за платен надоместок, треба да биде потпишана со дигитален потпис на Корисникот на услугите.

При поднесување пријава/барања за кои Корисникот на услугите согласно со закон е ослободен од плаќање надоместок, Корисникот на услугите се обврзува во пријавата/барањето да го наведе правниот основ по кој е ослободен од плаќање на надоместок.

Висината на надоместокот може да се промени само во случај на промена на тарифниците на Давателот на услугите.

Член 6

Користењето на апликацијата е-кат шалтер е бесплатно за времетраењето на Договорот.

Член 7

Давателот на услугите ќе ги преземе сите дејства за ефикасен пристап на Корисникот на услугите до апликацијата е-кат шалтер.

Давателот на услугите презема обврска да применува општоприфатени и модерни технологии со кои ќе се почитуваат општоприфатливите стандарди и практики.

Во текот на работното време, Давателот на услугите ќе се залага за квалитетно овозможување

на услугите, ефикасна обработка на поднесените електронски пријави/барања, како и соодветно постапување по истите.

Член 8

Корисникот на услугите е согласен да обезбеди компатибилни уреди (компјутер, скенер и др.), пристап до интернет, личен сертификат за дигитален потпис издаден на токен за пристап до апликацијата е-кат шалтер.

Корисникот на услугите се обврзува да обезбеди пристап до интернет со голема брзина, најмалку оперативен систем Windows 7 или понова верзија, Acrobat Reader, интернет-пребарувач Mozilla Firefox и други софтверски алатки препорачани од Давателот на услугите.

Користење на апликацијата е-кат шалтер ќе биде зависно од перформансите од став 1 и став 2 на овој член.

Корисникот на услугите се согласува да користи лиценциран оперативен систем и лиценцирани софтвери.

Член 9

Со писмено барање доставено од Корисникот на услугите за негова регистрација, Давателот на услугите ќе издаде право на пристап до апликацијата е-кат шалтер. Кон барањето се приложува копија од извод од тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија, односно од регистрите каде што е регистриран Корисникот на услугите за вршење дејност.

Корисникот на услугите врши регистрација во апликацијата е-кат шалтер со што креира корисничка сметка (во понатамошниот текст: сметка), а Давателот на услугите ја активира сметката на Корисникот на услугите и има право истата да ја деактивира.

Корисникот на услугите се обврзува да не ги открива податоците за својата сметка на трети лица.

Корисникот на услугите единствено е одговорен за чување на доверливоста и сигурноста на податоците од отворената сметка, како и за сите активности кои се остваруваат преку неговата сметка и се согласува веднаш да го извести Давателот на услугите за секое нарушување на сигурноста на истата.

Давателот на услугите не е одговорен за какви било загуби кои произлегуваат од неовластено користење на сметката на Корисникот на услугите.

Корисникот на услугите се обврзува да даде точни и целосни податоци при креирање на сметката и се согласува да ги ажурира податоците од сметката со што ќе ги одржува целосни и точни.

Корисникот на услугите се согласува податоците од сметката да можат да бидат зачувани во е-кат шалтер на Давателот на услугите.

Пред добивање на правото за пристапот од став 1 на овој член до апликацијата е-кат шалтер, Корисникот на услугите задолжително потпишува изјава за почитување на правилата за безбедносно користење на апликацијата е-кат шалтер пропишани од Давателот на услугите во Упатството за користење на апликацијата е-кат шалтер објавено на веб-страницата на АКН. Изјавата е дадена во Прилог број 1 и е составен дел на овој договор.

Корисникот на услугите е должен за секоја промена на работниот статус веднаш да го извести Давателот на услугите, со цел да се промени или прекине натамошниот пристап до апликацијата е-кат шалтер.

Корисникот на услугите нема да пристапува или да се обидува да пристапи до сметките за коишто не е овластен.

Член 10

Податоците од ГКИС кои се внесени во апликацијата е-кат шалтер, подлежат на заштита во согласност со Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти и сопствените интерни акти кои ја регулираат заштитата на личните податоци и при обработката на личните податоци Корисникот на услугите ќе постапува согласно со законската регулатива што ја регулира оваа материја.

Должноста за заштита на личните податоци и деловната тајна настапуваат во моментот кога

Корисникот на услугите ќе се запознае со нив и трае за целото времетраење на овој договор, како и по неговото престанување.

Корисникот на услугите добиените податоци може да ги користи само за намената за која се издадени, може да извршува одделни работи во врска со обработката на личните податоци (сопственост на другата договорна страна) само во рамките на овластувањата предвидени во овој договор и овластувањата кои ги има согласно со закон, а тие можат да се користат само за намената за којашто се издадени.

Договорните страни се обврзуваат да применат соодветни технички и организациски мерки за заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци или нивно случајно губење, преправање, неовластено откривање или пристап. Притоа секоја договорна страна ќе биде одговорна за надомест на штетата што ја предизвикала од непочитувањето на договорните обврски за доверливост и заштита на личните податоци утврдени со овој договор.

Корисникот на услугите потпишува изјава за тајност и заштита на обработка на личните податоци. Изјавата е дадена во Прилог број 2 и е составен дел на овој договор.

Член 11

Податоците кои се добиваат од апликацијата е-кат шалтер, не можат да се користат за ниедна друга намена освен за намените утврдени со закон и со овој договор.

Корисникот на услугите се согласува да не ја нарушува, заобиколува, разделува, декомпилира, расклопува или на друг начин да ја попречува сигурносната технологија која е во функција на апликацијата е-кат шалтер, поврзана со податоците, односно со документите од истата, како и да не се обидува или да им помага на трети лица да го сторат тоа.

Член 12

Корисникот на услугите е должен да ги преземе сите потребни безбедносни мерки и мерки на доверливост, со цел да обезбеди соодветно користење на апликацијата е-кат шалтер и да не дозволи негово користење од трети лица.

Корисникот на услугите е должен веднаш да го извести Давателот на услугите кога ќе дознае дека трето лице, врз основа на одобрениот пристап што е предмет на овој договор, остварило недозволен пристап до апликацијата е-кат шалтер.

Во случајот на став 2 на овој член, Корисникот на услугите се смета за целосно одговорен за надоместување на штетата која Давателот на услугите ќе ја претрпи од остварениот недозволен пристап од трето лице.

Член 13

Давателот на услугите има право да врши увид во актите поднесени од страна на Корисникот на услугите преку апликацијата е-кат шалтер, во врска со какви било пријавени или очигледни повреди на овој договор, како и да преземе какви било чекори за кои Давателот на услугите по сопствено убедување смета дека се соодветни, вклучително и раскинување на Договорот согласно со овие одредби или согласно со закон.

Член 14

Договорните страни се согласуваат дека Давателот на услугите не може да се смета за одговорен за каква било директна или индиректна штета која настанала кај Корисникот на услугите, а е резултат на:

- прекин, запирање или нефункционирање на апликацијата е-кат шалтер, особено во случај на запирање заради одржување или поправка на компјутерскиот систем или нефункционирање на компјутерскиот систем, серверите или телекомуникациските системи од технички причини;
- некомпатибилност и несоодветност на опремата на Корисникот на услугите;
- кражба, загуба, уништување или измена на податоците, софтверот или компјутерската опрема на Давателот на услугите предизвикани со недозволен пристап во е-кат шалтер или како резултат на вирус кој потекнува од веб-страницата, интернетот, некој од компјутерските системи или сервери на Давателот на услугите или Корисникот на услугите;

- грешки при пренос, доцнења или прекини за време на преносот на податоците;
- оневозможеност на пристапот до апликацијата е-кат шалтер како резултат на настани надвор од контрола на Давателот на услугите, во ситуации кога услугата или интернетот се преоптоварени, не се достапни, се предизвикани од испорачувач (provider) од трета страна врз Давателот на услугите, прекин на таквите услуги поради штрајк, генерално, какво било нефункционирање, грешка или доцнења кои можат да им се препишат на трети страни или пак друг настан.

Член 15

Сите авторски права во однос на апликацијата е-кат шалтер се сопственост на Давателот на услугите.

Користењето на апликацијата е-кат шалтер спротивно со одредбите од овој договор и Упатството за користење (инсталирање) на апликацијата е-кат шалтер кое е објавено на веб-страницата на Агенцијата, строго е забрането и претставува повреда на правата од интелектуална сопственост и на други закони и можат да го изложат Корисникот на услугите на граѓанска и кривична одговорност.

Врз основа на овој договор, Корисникот на услугите не стекнува право на интелектуална сопственост за компјутерските програми, опремата или за документацијата што ќе му се достави.

Компјутерските програми, опремата или документацијата не смее да ги користи за цели различни од оние што се предвидени во овој договор, ниту да им ги отстапува на користење на трети лица, да ги изменува или да ги преснимува.

Во врска со став 1 на овој член, Корисникот на услугите има обврска да ги преземе сите превентивни мерки за заштита на правата на интелектуалната сопственост кои ги има Давателот на услугите.

Член 16

Давателот на услугите има право, без претходна најава до Корисникот на услугите, времено да го одложи, прекине или целосно да го ограничи пристапот до одредени функции или делови од апликацијата е-кат шалтер поради одржување, надградување или зачувување на безбедноста на апликацијата е-кат шалтер при што дополнително ќе го извести Корисникот на услугите.

Член 17

Доколку Корисникот на услугите прекрши некоја од одредбите на овој договор, Давателот на услугите може без претходна најава:
- да ја деактивира сметката на Корисникот на услугите;
- да оневозможи целосен или делумен пристап до апликацијата е-кат шалтер.

Член 18

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за загуба, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила, согласно со Законот за облигациони односи.

Во случај на виша сила договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна за нејзино настапување и ќе договорат нови услови за исполнување или за раскинување на Договорот.

Член 19

Овој договор се склучува со важност на неопределено време.

По склучување на овој договор, Корисникот на услугите се обврзува пријавите/барањата до Давателот на услугите да ги доставува исклучиво по електронски пат.

Член 20

Корисникот на услугите има право Договорот еднострано да го раскине со доставување писмено известување со отказен рок од 30 дена, во случај кога престанала потребата од користење на апликацијата е-кат шалтер, предмет на овој договор.

Корисникот на услугите ги презема обврските кои произлегуваат од поднесените пријави/барања преку апликацијата е-кат шалтер, заклучно со денот на раскинувањето на овој договор во согласност со Законот за катастар на недвижности.

Давателот на услугите има право еднострано да го раскине Договорот веднаш и без поднесување писмено известување кога Корисникот на услугите не ги исполнува, доцни во исполнувањето на обврските, ги злоупотребува или несоодветно ги користи одобрените пристапи, согласно со одредбите од овој договор и со Законот за катастар на недвижности.

Член 21

Сите евентуални спорови и недоразбирања што ќе произлезат од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање.

Во спротивно спорот ќе се решава пред надлежен суд.

Член 22

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

Член 23

За сè што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Член 24

Изменување и дополнување на овој договор може да се врши со анекс, со заедничка согласност на договорните страни доставени по писмен пат.

Без оглед на став 1 на овој член, Давателот на услугите го задржува правото и без изменување на овој договор да го измени видот на услугата и во овој случај е должен да го извести Корисникот на услугите писмено или со други соодветни електронски средства (вклучувајќи електронска пошта, веб-пошта, објава преку е-кат шалтер) за измената на видот на услугата, најдоцна во рок од 7 (седум) дена пред нејзиното воведување.

Член 25

Овој договор е склучен во шест (6) истоветни примероци, од кои два (2) за Корисникот на услугите и четири (4) за Давателот на услугите.

Изготвил: Ивана Динковска, ______________

Контролирал: Мемет Мамудов, ______________

Одобрил: Сања Волканова-Златановска, ______________

**ДОГОВОРНИ СТРАНИ**

| **За давателот на услугите** | **За корисникот на услугите** |
|---|---|
| **Агенција за катастар на недвижности** | **Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини** |
| **Директор** | **Министер** |
| ______________ | ______________ |
| **Иван Живковски** | **Сања Божиновска** |